Уп. бр.08-36

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Роберт Бош Интернационале Бетајлигунген АГ (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*), со седиште на Лутербахштрасе 10, 4528 Цухвил, Швајцарија, доставено преку адвокат Мартин Иванов од Скопје, на седницата одржана на ден 02.03.2022 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Роберт Бош Интернационале Бетајлигунген АГ (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*), со седиште на Лутербахштрасе 10, 4528 Цухвил, Швајцарија ќе стекне единствена контрола над Елпро Груп АГ (*Elpro Group AG*), со седиште на Ланггилиштрасе 45, 9470 Бухс СГ, Швајцарија, по пат на стекнување на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 02.02.2022 година, а дополнето на 04.02.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*), со седиште на Лутербахштрасе 10, 4528 Цухвил, Швајцарија со која Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ ќе стекне единствена контрола над Елпро Груп АГ (*Elpro Group AG*), со седиште на Лангвілиштрасе 45, 9470 Бухс СГ, Швајцарија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Роберт Бош Интернационале Бетаілигунген АГ**, (*Robert Bosch Internationale Beteiligungen AG*) е претпријатие-ќерка во 100% сопственост на Роберт Бош ГмбХ (*Robert Bosch GmbH*) (заедно „Бош“).

Бош е компанија која припаѓа на Групацијата Бош која е крајно контролирана од Роберт Бош ГмбХ (во понатамошниот текст:Групација Бош). Групацијата Бош обезбедува технологија и услуги за автомобилската индустрија, индустриската технологија, стоките за широка потрошувачка и индустријата за енергија и градежна технологија на светска основа.

Групацијата Бош нема регистрирани претпријатија-ќерки во Република Северна Македонија, но во 2020 година има остварено приходи од продажба на електронски апарати и алати, автомобилска опрема и безбедносни системи.

**Елпро Груп АГ** е главно давател на целосни услуги во смисла на решенија за мониторинг овозможени од технологија, критични за конкретната мисија за синџири на снабдување со контролирана температура во фармацевтската и здравствената индустрија и бионауката. Елпро Груп АГ има претпријатија-ќерки во осум земји: Швајцарија, Германија, Унгарија, Данска, Холандија, Обединетото Кралство, САД и Сингапур.

Елпро Груп АГ нема регистрирани претпријатија-ќерки во Република Северна Македонија но во 2020 година има остварено незначителни приходи од продажба на решенија за мониторинг.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12

став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф.Д-р Владимир Наумовски**